Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-452/2
11.12.2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната четвртта седница на Советот на Општина Градско на ден 28.11.2025 година, со почеток во 13:30 часот во салата на Општина Градско на следиот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 3-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Програма за работа на Советот на Општина Градско.
3. Предлог- Програма за одржување на јавната чистота во Општина Градско за 2026 година.
4. Предлог- Програма за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2026 година.
5. Предлог- Програма за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Градско за 2026 година.
6. Предлог- Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.
7. Предлог- Програма за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.
8. Предлог- Оперативен план за заштита од снежни намети на Општина Градско за 2026 година.
9. Предлог- Одлука за усвојување Годишната програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Градско за 2025/2026 година.
10. Предлог- Одлука за за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2025 -30.09.2025 година на ЈКП „Клепа" Градско - трет квартал.
11. Разгледувања на барања и поднесоци.
12. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Драгана Данева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Драгана Данева, Веле Петрески, Душко Цековски, Кристина Самандова, Димче Богдановски, Тоше Петревски, Александар Ристовски, Благоја Станишевски и Боне Спасовски.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита предложениот дневен ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 3-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 3-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Советот на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 2-та Седница на Советот на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 3-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 3-та седница на Советот на Општина Градско.

*2.Програма за работа на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Емилија Тасевска Колева од општинската администрација. Програмата за работа на совет е изработена врз основа на Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Градско и претставува основа за севкупното работење на советот. Нејзината цел е да обезбедни планско, транспарентно и ефикасно работење на советот како и навремено донесување на одлуките кои се значајни за

граѓаните. При изработка на истата се земаат во предвид приоритетите на општината, урбанизмот, локалниот економски развој, образованието, културата, спортот и социјалната заштита. Во програмата планирана е динамиката на седниците со дефинирани термини за усвојување на буџетот, завршната смекта, финансиските извештаи, реализација на инфраструктурни проекти, патишта и улици, осветлување, канализација. Во првиот квартал е вметната програма за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Градско за 2026 година, по консултација со ветернинарен инспектор до 2024 година истата беше изработена од страна на општината, по основање на ЗЈП Шепа добивме насоки нашата програма да биде поништена дека тие ќе ни носат програма. Пред некој ден кажано ни е дека повторно ние може да се донесиме нова програма која може да биде повеќегодишна. Поради тоа ќе биде тргната од програмата за работа на советот.

Димче Богдановски- директорката на Шепа треба да дојде да не запознае со работата на претпријатието.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за работа на Советот на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за работа на Советот на Општина Градско.

*3.Програма за одржување на јавната чистота во Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Стојанче Коцев од општинската администрација. Целта на оваа програма е да се обезбеди редовно чистење на јавните површини, паркови, чистење на снег и мраз во зимски услови како и уредување на зелени површини. Се оваа програма се утврдува начинот и динамиката на работа, изведувач на оваа програма е ЈКП Клепа, предвидени се средства во висина од 500.000,00 денари.

Тоше Петревски- да се реши проблемот во врска со дивите депонии.

Стојанче Коцев- разговаравме со градоначалникот кога ќе го набавиме новиот скип ќе може да исчистат.

Благоја Станишевски- треба да се почне со казнување а не кој каде сака да врла отпад. Ние сме мало место и сите се познаваме, еднаш мора некој да се казне.

Стојанче Коцев- во општината немаме комунален инспектор, но ингренциите на општинските инспектори за пишување на казни беа одземени, до сега се работи ако се знае кој фрла му даваме задилжение да го собере ѓубрето и да го однесе на депонија.

Тоше Петревски- дали фирмите имаат склучено договор со ЈКП Клепа за кабаст отпад.

Стојанче Коцев- имаат склучено договор само за комунален отпад, а за другиот отпад си имаат други постапувачи.

Драгана Данева- кој врши надзор над спроведувањето на оваа програма.

Стојанче Коцев- треба да биде назначен комуналниот инспектор, општина Градско нема комунален инспектор, јас сум овластен како комунален редар и јас вршам надзор.

Боне Спасовски- имам молба до градоначалникот ако може да се ангажира лице во Виничани за одржување на јавната чистота на улиците. Порано имаше ангажирано лице и секогаш беше чисто и на улиците и кај чешмите. Би го замолил градоначалникот доколку има можност да ангажира лице.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Градско за 2026 година.

*4.Програма за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Роберт Бешовски од општинската администрација. Оваа програма ги опфаќа активностите на Општина Градско од областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи. Врз основа на закон на Министерство за локална самоуправа, Закона за пожарникарство, Закон за управување со кризи и Закон за заштита и спасување должни сме како општина секоја година да донесиме соодветна програма. Ги регулира задачите, обврските и правата на сите

субјекти. Има формирано штаб за заштита и спасување и просторни сили за заштита и спасување, командант на штабот е градоначалникот Киро Нацков, составен е од 9 лица. Штабот како и командантот се ажурира во зависност од тоа кој ќе биде градоначалник. Во просторните сили има бројка од околу 48 лица од општината, комуналното, училиштето.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програма за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програма за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2026 година.

*5.Програма за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Роберт Бешовски од општинската администрација. Исто како и предходната програма и оваа програма законски имаме обврска да ја донесиме. Целта на оваа програма е доколку се случи некоја криза или елементарна непогода после елиминирање на кризата следува ревитализација, односно враќање во првобитна состојба на сите објекти и субјекти што се под належност на општина Градско. Предвидени се средства во висина од 100.000,00 денари, но за оваа намена може да се користат средства од републичкиот буџет, од доброволни прилози и сл.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Градско за 2026 година.

*6.Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Пецо Кузманов од општинската администрација. Врз основа на Закон за градежно земјиште, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за локална самоуправа Советот донесува програма за секоја наредна година. Програмата е изработена врз основа на методологија со собирање на сите реални трошоци кои ги има општината во изградба на инфраструктурата. За изградба на една градежна парцела од 450м2 сумата е 1300 евра, кога ќе се подели за просечната корисна површина од 150м2 сумата изнесува 8 евра по м2. Ослободени од плаќање на надоместок за градежно земјиште се објекти за цивилна заштита, објекти на верски заедници, објекти што ги користат лица кои примаат социјална помош, црвен крст. Целата постапка функционира преку електронски пат со поднесување на барање со основен проект, врз основа на проектот се пресметуваат комуналии. Во неурбанизираните населени места за деловни објекти е за 50% помалку од Градско, останатото е исто.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.

*7.Програма за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Пецо Кузманов од општинската администрација. Оваа програма се носи врз основа на Закон за јавна чистота. Се работи за чистење на снег и посипување со сол и абразивни средства. Во зимското одржување вклучени се Општина Градско, ЈКП Клепа, ЈП Македонија пат, помагаат и АД Вардар и Агриа. За разлика од предходно сега имаме механизација и сме спремни за зимски услови.

Душко Цековски- наведени се само улиците во Градско, во Виничани не се.

Пецо Кузманов- сигурно нема да ги остават неисчистени, досега е чистено.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.

*8.Оперативен план за заштита од снежни намети на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Пецо Кузманов од општинската администрација. Оперативниот план е ист како и програмата за зимско одржување. Програмата ни ја бараат да ја доставиме до Министерство за внатрешни работи, а Оперативниот план го бараат во Дирекција за заштита и спасување, а се работи за исто. Разликата е во тоа што во Оперативниот план се неведени и снежни намети. Имало снежни намети на патот до Водоврати и Градско-Подлес.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Оперативниот план за заштита од снежни намети на Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Оперативниот план за заштита од снежни намети на Општина Градско за 2026 година.

*9.Одлука за усвојување Годишната програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Градско за 2025/2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Мери Седмакова Димовска од општинската администрација. На минатата седница се донесе Решение за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти. Комисијата се состана, за претседател е избрана Билјана Славева, донесовме Годишна програма за работа на комисијата. Годишната програма треба да се усвои од страна на советот за да може да се распише Конкурс.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување Годишната програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Градско за 2025/2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување Годишната програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Градско за 2025/2026 година.

*10.Одлука за за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2025 -30.09.2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско - трет квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Сивана Марковска од сметководствено биро Правеко. Приходите бележат пораст за разлика од предходната година. Дел од приходите се по основ донација од општина Градско за плаќање на струја. Платите на вработените се зголемени со порастот на минималната плата. Амортизацијата е согласно законски прописи по минимални стапки. Во останати оперативни трошоци најмногу влегуваат договорите на дело. Оваа година бележиме пад. Оперативната добивка оваа година изнесува 1.691.000,00 денари лани била 1.536.000,00 денари. Основач на ЈКП Клепа согласно законските одредби е општината. Оснивачкиот капитал на друштвото е 180.000,00 денари. Тековните обврски друштвото си ги сервисира без никаков проблем. Сите тековни обврски по основ на плати, доверители, даноци се подмирени. Долгорочни обврски се оние спрема ЕВН на повеќе години, краткорочни се оние кои треба да се испалатат оваа година. Акумулираните добивки се слични од лани 11.343.000,00 денари, не е друштво кое има загуби. Основната дејност на ЈКП Клепа е собирање на смет и снабдување со вода.

Димче Богдановски- колку од тие што должат се оптужени и дали е запазен рокот, за колку време застаруваат.

Силвана Марковска- застаруваат за една година, опомената го прекинува рокот. За тоа им реков да си работат на опомените. Треба да си ги наплатат побарувањата. Јас им предложив но треба со Вас заедно со Ваша дозвола да се донесе одлука за ослободување од плаќање, поради тоа што имало семејства кои реално не можеле да

платат. Треба да се види кои лица се дали навистина не се можност да платат и со Ваша согласност да бидат ослободени од плаќање. Но фактури мора да им се праќаат на сите. Ако Вие снетате дека некој граѓанин не е во ситуација да си ја плати водата треба да се изготви некој документ, кој граѓанин е ранлива категорија и во кој период мже да биде ослободен од плаќање. Се останато треба да си се наплати преку опомени и се останато.

Благоја Станишевски- мора од некаде да се почне.

Веле Петревски- се знае кои се ранливи категории.

Димче Богдановски- не мора да се оди со извршители, реално секој може да си плати, немаме намера да ослободуваме некој. Со овие цени не може да функционира претпријатието.

Веле Петревски- прво треба да се сменат линиите па после да се размислува за покачување на цените.

Силвана Маркова- цените одат преку регулаторна, тие ја одредуваат цената.

Боне Спасовски- дали во закон постои паушал за наплата.

Силвана Маркова- не постои.

Боне Спасовски- имам информација дека некои плаќаат паушал и трошат вода неконтролирано.

Благоја Станишевски- тие што немаат исправни саати плаќаат паушал.

Димче Богдановски- тие што немаат исправни саат им се рачуна паушал 5 кубика по член. Тоа е многу малку. Нека им се наплаќа повеќе сами ќе си побараат да им се смени саатот.

Боне Спасовски- на наредна седница да ни се достави список кој колку должи, колку саати се неисправни и да се почне од нула, ако не нека изработат.

Благоја Станишевски- да нека работат општо корисна работа, нека косат, нека метат, да се забетонираат дупките пред мостот кај Уланци.

Драгана Данева- на дојде директорот на седница и да не информира за состојбата.

Боне Спасовски- како што се плаќа технолошката вода за пријавување на субвенции може да се плаќа и водата за пиење.

Благоја Станишевски- да им се покачи платата на работниците.

Боне Спасовски- да им се набави зимска опрема.

Александар Ристовски- дали сте запознати за водата во Ногаевци дали е исправна за пиење.

Силвана маркова- тоа оди преку Центарот за јавно здравје.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2025 -30.09.2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско - трет квартал.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ПРОТИВ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2025 -30.09.2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско - трет квартал.

*11.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од ЈКП „Клепа“ од Градско за доделување на финансиски средства во висина од 200.000,00 денари како субвенција за тековно работење на претпријатието.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства во висина од 200.000,00 денари.

б) Барање од ФК „Локомотива 2018“ од Градско за доделување на финансиски средства во висина од 150.000,00 денари потребни за тековно работење.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства во висина од 150.000,00 денари.

в) Барање од Добрислав Петковски од с.Ногаевци, општина Градско за доделување на финансиски средства во висина од 12.000,00 денари потребни за купување на инвалидска количка.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства во висина од 12.000,00 денари.

*12.Разно.*

Благоја Станишевски- дали меже да се постави мерна единица за загаденост на воздухот. Има поплаки од родители да се подобри хигиената во училиштето. Просторот пред Булевар не е автоплац за коли.

Димче Богдановски- да се поминат сите места за да се види каде има проблем со уличното осветлување. Дворот на општината не е паркинг, да се тргнат најлоните и количките и гумите од плоштадот. Да се воспостави меѓуопштинска соработка со Велес за комунален инспектор.

Кристина Самандова- жителите бараат да се врати постојкта, да се направи патека за да не се гази во тревата и кај пазарот да има уште еден влез.

Драгана Данева- за нова година да се украси и во Ногаевци, улиците не се проодни, секој остава се на улица.

Душко Цековски- да се осветли железничката постојка кај Виничани.

Боне Спасовски- да има поголема контрола во врка со брзото возење.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори четвртата седница во 15:30 часот.

Записник водел:

Мери Седмакова-Димовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДСКО ОПШТИНА ГРАДСКО

Претседател
на Совет на Општина Градско

Драгана Данева